- локалните јавни установи финансирани со блок дотации се должни до 20-ти во тековниот месецот да достават до општината барање за одобрување на средства за плати за претходниот месец кон кое ќе ги приложат следните обрасци:ПДД-МП,МП-1,копија од рекапитулација од пресметани бруто и нето плати, образец Ф-1 за бројот на вработените по име и презиме, бруто и нето плати за месецот за кој се однесува платата.
- во случај на нови вработувања во локалните јавни установи истите се должни да достават известување за обезбедени финансиски средства и да приложат образец М-1,а за новите вработувања кои се финансирани од блок дотации се доставува известување за обезбедени финансиски средства од надлежното Министерство и Министерство за Финансии и се приложува образец М-1.

Исплатата на платите и надоместоците на вработените во локалните јавни установи ја контролира и одобрува Министерството за Финансии.

Градоначалникот на општината одделните пресметки на локалните јавни установи ги доставува до ресорното Министерство од кое се трансферира блок дотацијата.

Ресорните Министерства доставените пресметки за исплата на бруто плати и надоместоци ги доставуваат до Министерството за Финансии за контрола и евиденција.

**Член 25**

Кога приходите што му припаѓаат на Буџетот се погрешно уплатени или се наплатени во износ поголем од утврдениот, погрешно или повеќе наплатениот износ се враќаат првенствено на товар на видот на приходите на кои се уплатени, а доколку такви приходи нема, тогаш на товар на другите приходи на Буџетот.

Повратот на погрешно или на повеќе уплатени, односно наплатени приходи се врши со решение на Градоначалникот, освен во случај каде надлежноста им припаѓа на други органи.

**Член 26**

Средствата утврдени во пооделни програми донесени од Советот на општината и истите целосно или делумно се извршуваат од страна на јавните претпријатија чиј основач е општината, за реализација на истите градоначалникот склучува договор со соодветното јавно претпријатие за уредување на меѓусебните права и обврски и уредување на начинот на извршување на доверените работи, стоки и услуги.

**Член 27**

Исплата на име Јубилејни награди ќе се врши од програма Е0 - Општинска администрација расходно конто 464990 - Разни трансфери врз основа на донесено решение од Градоначалник, согласно Колективниот договор на ниво на работодавач.

**Член 28**

Буџетот на Општината Битола се извршува од 01.01.2024 до 31.12.2024 година.

**Член 29**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во "Службен гласник на Општината Битола".

Бр.09-175/4 ПРЕТСЕДАТЕЛ
26.12.2023 г. на Советот на Општината
Б и т о л а Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ"бр.5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола"бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 5/21), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Буџетскиот календар за 2024 година

Се објавува Буџетскиот календар за 2024 година, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на ден 26.12.2023 година.

Бр. 08-1438/3 ГРАДОНАЧАЛНИК
28.12.2023 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

## БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР ЗА 2024 ГОДИНА

| МОЖЕН ДАТУМ | БУЏЕТСКИ АКТИВНОСТИ - ОДГОВОРНОСТ |
|---|---|
| декември / февруари - март | Советот на Општината го донесува буџетскиот календар |
| април | Министерот за финансии доставува до Владата на Република Македонија Фискална стратегија на РМ за наредните три години |
| април | Советот на Општината разгледува развојни документи, вклучително и фискална стратегија |
| септември | Градоначалникот подготвува општински буџетски циркулар со образложение за потребните средства до општинските буџетски корисници |
| октомври | Општинските буџетски корисници ги доставуваат предлог-пресметките за наредната година со образложение за висината на износите по позиции |
| октомври | Одделот за буџет врши преговарање и анализирање на доставените предлог-пресметки и ги одредува приоритетите и одредбите за новиот Предлог-буџет |
| октомври | Разгледување на нови барања и предлози по кои одлучува и дава насоки Градоначалникот |
| октомври | Министерот за финансии доставува буџетски циркулар со насоки за изготвување на Предлог-буџетот за наредната година |
| октомври | Градоначалникот до општинските буџетски корисници ги доставува главните насоки за изготвување на финансиските планови |
| октомври-ноември | Општинските буџетски корисници ги доставуваат своите финансиски планови до градоначалникот |
| ноември | Градоначалникот го разгледува и одобрува Предлог-буџетот подготвен од страна на финансискиот оддел на општината |
| декември | До Советот се доставува конечен Предлог-буџет од страна на Градоначалникот |
| декември | Се води расправа во телата на Советот на Општината |
| крај на декември | Седница на Советот на Општината за донесување на Буџетот за наредната буџетска година |
| јануари | Започнува новата буџетска година |

Бр.09-175/5
26.12.2023 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината
Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола"бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 5/21), донесувам

### З А К Л У Ч О К
### за објавување на Одлуката за утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници за 2024 година

Се објавува Одлуката за утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници за 2024 година, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на ден 26.12.2023 година.

Бр. 08-1438/4
28.12.2023 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
Тони Коњановски

Врз основа на член 88 став (2) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 48/15 и 154/15), Советот на општина Битола , на 35 -та седницата одржана на 26.12.2023 година, донесе

## О Д Л У К А
## за утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници за 2024 година

**Член 1**

Вредноста на бодот за платите на државните службеници за 2024 година изнесува 81,60 денари.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Битола“, а ќе се применува со исплата на платата за јануари 2024 година.

Бр.09-175/6 ПРЕТСЕДАТЕЛ
26.12.2023 г. на Советот на Општината
Б и т о л а Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр.5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола”бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 5/21), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Заклучокот за усвојување Извештајот за работата на Советот на Општината Битола за 2023 година

Се објавува Заклучокот за усвојување Извештајот за работата на Советот на Општината Битола за 2023 година, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на ден 26.12.2023 година.

Бр. 08-1438/5 ГРАДОНАЧАЛНИК
28.12.2023 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на ден 26.12.2023 година, донесе

## З А К Л У Ч О К
## за усвојување Извештајот за работата на Советот на Општината Битола за 2023 година

1. Се усвојува Извештајот за работата на Советот на Општината Битола за 2023 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-175/7 ПРЕТСЕДАТЕЛ
10.01.2023 г. на Советот на Општината
Б и т о л а Габриела Илиевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ”бр.5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола”бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 5/21), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Програмата за работа на Советот на Општината Битола за 2024 година

Се објавува Програмата за работа на Советот на Општината Битола за 2024 година, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на ден 26.12.2023 година.

Бр. 08-1438/6 ГРАДОНАЧАЛНИК
28.12.2023 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 22 став 1 точка 3 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. ” бр.10/05,17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 5/21), и член 141 од Деловникот на Советот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 15/05 и 20/2020), Советот на Општината Битола, на седницата одржана на ден 26.12.2023 година, донесе

# П Р О Г Р А М А
## за работа на Советот на Општината Битола за 2024 година

**ВОВЕДЕН ДЕЛ**

Основа за донесување на програмата за работа на Советот на Општината Битола за 2024 година е Законот за локалната самоуправа, Статутот и Деловникот на Советот, во кои акти се утврдени надлежностите на единиците на локалната самоуправа.

Советот на Општината Битола програмирајќи ја својата работа, за 2024 година, има за цел да обезбеди услови за остварување на надлежностите и извршување на своите функции, како и обезбедување и создавање услови за слободен пристап на сите заинтересирани субјекти во нејзината реализација.

Со програмата за работа за 2024 година, Советот на Општината Битола сака на транспарентен начин да ги презентира основните насоки по кои ќе се раководи во текот на 2024 година.

Програмата во текот на целата година ќе биде отворена за секој нов предлог и истиот ќе биде добродојден, ако тоа значи збогатување и подобрување на нејзиниот квалитет.

**ПОСЕБЕН ДЕЛ**

**ЈАНУАРИ-ФЕВРУАРИ-МАРТ – I КВАРТАЛ**

**- Програма за одбележување на значајни историски настани за 2024 година од страна на Општината Битола**.

ИЗРАБОТУВА И ПРЕДЛАГА
Комисија за подигање спомен обележја
ДОНЕСУВА: Советот на Општината Битола

**- Завршна сметка за финансиското работа на Зоолошката градина – Битола за 2023 година.**

**- Извештај за работата на Зоолошката градина – Битола за 2023 година**

ИЗРАБОТУВА: Зоолошка градина Битола
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за финансии и буџет, Комисија за вршење надзор врз материјално- финансиско работење
УСВОЈУВА: Советот на Општината Битола

**- Завршна сметка за финансиското работење на Старски дом „Сју Рајдер "– Битола за 2023 година.**

**- Извештај за работата на Старски дом „Сју Рајдер"– Битола за 2023 година**

ИЗРАБОТУВА: Старски дом „Сју Рајдер" - Битола
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за финансии и буџет, Комисија за вршење надзор врз материјално-финансиско работење
УСВОЈУВА: Советот на Општината Битола

**- Завршна сметка за финансиското работење на " Културен информативен центар " – Битола за 2023 година.**

**- Извештај за работата на „ Културен информативен центар "– Битола за 2023 година**

ИЗРАБОТУВА: Културен информативен центар - Битола
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за финансии и буџет, Комисија за вршење надзор врз материјално-финансиско работење
УСВОЈУВА: Советот на Општината Битола

**- Извештај за работата на Територијалната Противпожарна Единица на Битола за 2023 година**

**- Програма за работа на Територијалната Противпожарна Единица – Битола за 2024 година**

ИЗРАБОТУВА: ТППЕ – Битола
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за безбедност
УСВОЈУВА: Советот на Општината Битола

**- Завршна сметка на Буџетот на Општината Битола за 2023 година**

ИЗРАБОТУВА: Одделение за буџетска координација
РАЗГЛЕДУВА: Комисијата за финансии и буџет и Комисија за вршење надзор врз материјално-финансиско работење
УСВОЈУВА: Советот на Општината Битола

**- Завршна сметка за финансиското работење на ЈП „Комуналец" во 2023 година**

ИЗРАБОТУВА: ЈП „Комуналец" Битола.
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за јавни и комунални дејности, Комисија за финансии и буџет, Комисија за вршење надзор врз материјално- финансиско работење

УСВОЈУВА: Советот на Општината Битола

**- Извештај за работата на ЈП „Комуналец” Битола во 2023 година**
**- Извештај за финансиска програма за јавна чистота за 2023 година**
**- Извештај за финансова програма за јавните зелени површини за 2023 година**
**- Извештај за Оперативна програма за поправка и одржување на на улично осветлување (тековно одржување-замена на живините, натриумовите и флуорецентните светилки со лед светилки заради поголема енергетска ефикасност на целиот систем за улично осветлување) на подрачјето на Општина Битола за 2023.**
**- Извештај за Оперативна програма за поправка и одржување на улично осветлување на подрачјето на Општина Битола, рурални средини, реони Бистрица, Цапари и Кукуречани за 2023 год.**
**- Извештај за Оперативна програма за поправка и одржување на улично осветлување на подрачјето на Општина Битола за град Битола 2023 год.**

ИЗРАБОТУВА: ЈП „Комуналец” Битола.
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за јавни и комунални дејности, Комисија за финансии и буџет
УСВОЈУВА: Советот на Општината Битола

**- Завршна сметка за финансиското работење на КЈП „Нискоградба” во 2023 година**
ИЗРАБОТУВА: ЈП „Нискоградба” Битола.
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за јавни и комунални дејности, Комисија за финансии и буџет, Комисија за вршење надзор врз материјално- финансиско работење
УСВОЈУВА: Советот на Општината Битола

**- Извештај за работата на КЈП „Нискоградба” во 2023 година**
ИЗРАБОТУВА: КЈП „Нискоградба” Битола
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за јавни и комунални дејности, Комисија за финансии и буџет
УСВОЈУВА: Советот на Општината Битола

**- Завршна сметка за финансиското работење на ЈП „Пазари” во 2023 година**
ИЗРАБОТУВА: ЈП „Пазари” Битола.
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за јавни и комунални дејности, Комисија за финансии и буџет, Комисија за вршење надзор врз материјално- финансиско работење
УСВОЈУВА: Советот на Општината Битола

**- Извештај за работата на ЈП „Пазари” за 2023 година**
ИЗРАБОТУВА: ЈП „Пазари” Битола
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за јавни и комунални дејности, Комисија за финансии и буџет
УСВОЈУВА: Советот на Општината Битола

**- Завршна сметка за финансиското работење на ЈКП „Водовод” во 2023 година**

ИЗРАБОТУВА: ЈКП „Водовод” Битола
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за јавни и комунални дејности, Комисија за финансии и буџет, Комисија за вршење надзор врз материјално- финансиско работење
УСВОЈУВА: Советот на Општината Битола

**- Извештај за работата на ЈКП „Водовод” за 2023 година**
ИЗРАБОТУВА: ЈКП „Водовод” Битола
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за јавни и комунални дејности. Комисија за финансии и буџет
УСВОЈУВА: Советот на Општината Битола

**- Завршна сметка за финансиското работење на ЈП за стопанисување со Индустриската зона „Жабени” во 2023 година**

ИЗРАБОТУВА: ЈП за стопанисување со Индустриската зона „Жабени” Битола
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за јавни и комунални дејности, Комисија за финансии и буџет, Комисија за вршење надзор врз материјално- финансиско работење
УСВОЈУВА: Советот на Општината Битола

**- Извештај за работата на ЈП за стопанисување со Индустриската зона „Жабени” за 2023 година**
ИЗРАБОТУВА: ЈП за стопанисување со Индустриската зона „Жабени” Битола
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за јавни и комунални дејности, Комисија за финансии и буџет
УСВОЈУВА: Советот на Општината Битола

**- Завршна сметка за финансиското работење на ЈП за урбанистичко планирање, проектирање и инженеринг во 2023 година**

ИЗРАБОТУВА: ЈП за урбанистичко планирање, проектирање и инженеринг Битола
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за јавни и комунални дејности Комисија за финансии и буџет, Комисија за вршење надзор врз материјално- финансиско работење
УСВОЈУВА: Советот на Општината Битола

**- Извештај за работата на ЈП за урбанистичко планирање, проектирање и инженеринг во 2023 година**

ИЗРАБОТУВА: ЈП за урбанистичко планирање, проектирање и инженеринг Битола
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за јавни комунални дејности, Комисија за финансии и буџет

**- Завршна сметка за финансиското работење на ЈППЈЛП во 2023 година**

ИЗРАБОТУВА: ЈППЈЛП Битола
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за јавни и комунални дејности Комисија за финансии и буџет, Комисија за вршење надзор врз материјално- финансиско работење
УСВОЈУВА: Советот на Општината Битола

**- Извештај за работата на ЈППЈЛП во 2023 година**

ИЗРАБОТУВА: ЈППЈЛП Битола Битола
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за јавни комунални дејности, Комисија за финансии и буџет

**-Извештај за реализација на програмата за организирање на зимската служба на подрачјето на Општината Битола за сезона 2023/2024 година**

ИЗРАБОТУВА: Одделение за јавни и комунални дејности при Општината Битола
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за јавни комунални дејности
УСВОЈУВА: Советот на Општината Битола

**- Извештај за реализација на Програмата за уредување на градежното земјиште во 2023 година**

ИЗРАБОТУВА: Одделение за јавни и комунални дејности при Општината Битола
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за јавни комунални дејности
УСВОЈУВА: Советот на Општината Битола

**- Извештај за реализација на Програмата за одржување, инсталации на локална патна мрежа и улици во Општината Битола за 2023 година**

ИЗРАБОТУВА: Одделение за јавни и комунални дејности при Општината Битола
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за јавни комунални дејности
УСВОЈУВА: Советот на Општината Битола

**- Извештај за реализација на Програмата за користење и одржување на уличното осветлување за 2023 год.**

ИЗРАБОТУВА: Одделение за јавни и комунални дејности при Општината Битола
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за јавни и комунални дејности
УСВОЈУВА: Советот на Општината Битола

**- Извештај за реализација на Програмата за изработка на урбанистички планови на Општината Битола за 2023 година**

ИЗРАБОТУВА Одделение за урбанистичко планирање и заштита на животната средина
РАЗГЛЕДУВА: Комисијата за урбанизам и заштита на човековата средина
ДОНЕСУВА: Советот на Општината Битола

**- Извештај за реализација на Програма за управување со отпад на подрачјето на Општината Битола за 2023 год.**

ИЗРАБОТУВА Одделение за урбанистичко планирање и заштита на животната средина
РАЗГЛЕДУВА: Комисијата за урбанизам и заштита на човековата средина
ДОНЕСУВА: Советот на Општината Битола

**- Извештај за реализација на Програма за заштита на животната средина на подрачјето на Општината Битола за 2023 год.**

ИЗРАБОТУВА Одделение за урбанистичко планирање и заштита на животната средина
РАЗГЛЕДУВА: Комисијата за урбанизам и заштита на животна средина
ДОНЕСУВА: Советот на Општината Битола

**- Извештај за реализација на Програма на Општината Битола за финансирање на културата во 2023 год.**

ИЗРАБОТУВА: Сектор за јавни дејности
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за Јавни дејности
ДОНЕСУВА: Советот на Општината Битола

**- Извештај за реализација на Програма за јавни дејности (образование) во Општината Битола за 2023 год.**

ИЗРАБОТУВА: Сектор за јавни дејности
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за Јавни дејности
ДОНЕСУВА: Советот на Општината Битола

**- Извештај за реализација на Програма за социјална заштита на Општинта Битола за 2023 год.**

ИЗРАБОТУВА: Сектор за јавни дејности
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за Јавни дејности
ДОНЕСУВА: Советот на Општината Битола

**- Извештај за реализација на Програма за активностите во областа на спортот на подрачјето на Општината Битола за 2023 год.**

ИЗРАБОТУВА: Сектор за јавни дејности
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за спорт и млади
ДОНЕСУВА: Советот на Општината Битола

**- Извештај за реализација на Програмата за работа на Одделението за економски развој за 2023 год.**

ИЗРАБОТУВА: Одделение за економски развој
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за економски развој
ДОНЕСУВА: Советот на Општината Битола

**- Квартален извештај за извршувањето на буџетот на Општината Битола за првиот квартал 2024 година**

ИЗРАБОТУВА: Одделение за Буџетска координација
ПРЕДЛАГА: Градоначалникот на Општината
РАЗГЛЕДУВА: Комисијата за финансии и буџет
УСВОЈУВА: Советот на Општината Битола

**- Основни училишта на подрачјето на Општината Битола**

- Завршна сметка за **2023 година**
  ПРЕДЛАГА: Основните – училишта
  РАЗГЛЕДУВА: Комисија за јавни дејности и Комисијата за финансии и буџет
  УСВОЈУВА: Советот на Општината Битола

**- Средни училишта на подрачјето на Општината Битола**

- Завршна сметка за **2023 година**
  ПРЕДЛАГА: Средните – училишта
  РАЗГЛЕДУВА: Комисија за јавни дејности и Комисијата за финансии и буџет
  УСВОЈУВА: Советот на Општината Битола

**- ЈОУ Детска градинка “Естреја Овадија Мара“ – Битола**

- Завршна сметка за **2023 година**
  ПРЕДЛАГА: Детски градинки
  РАЗГЛЕДУВА: Комисија за јавни дејности и Комисија за финансии и буџет
  УСВОЈУВА: Советот на Општината Битола

**- ЈОУ Детска градина “Мајски цвет“ – Битола**

- Завршна сметка за 2023 година
  ПРЕДЛАГА: Детски градинки
  РАЗГЛЕДУВА: Комисија за јавни дејности и Комисија за финансии и буџет
  УСВОЈУВА: Советот на Општината Битола

**- Информација за безбедност на водата за пиење што ја користи населението од Општината Битола за 2023 година;**

**- Информација за здравствено еколошкиот ризик од загадувањето на Акумулацијата Стрежево за 2023 год.;**

**- Информација од ризикот на комуналната бучава врз здравјето на населението во Битола за 2023 година;**

**- Информација за безбедноста на храната наменета за одредени популациони групи за 2023 година;**

**- Информација за следење на биолошкиот квалитет на исхраната во предучилишните установи, ученички домови, домови за згрижување на стари лица и болнички установи за 2023 год.;**

**- Информација за следење на нутритивниот статус кај предучилишни и училишни деца за 2023 год.;**

**- Информација за хемиска контаминација на храна од пазар од домашно земјоделско за 2023 год.;**

ИЗРАБОТУВА: Центар за Јавно здравство – Одделение по хигена и здравствена екологија

РАЗГЛЕДУВА: Комисијата за заштита на човековата средина

УСВОЈУВА: Советот на Општината Битола

**- Информација за состојбата со заразните заболувања на територија на општина Битола за 2023 година**

**- Информација за состојбата со природно огнишни инфекции, бруцелоза и други зоонози за 2023 година**

**- Информација за состојбата со ХИВ/СИДА во Општина Битола за 2023 год.**

**- Информација за опфат на имунизација за болести кои подлежат на задолжителна имунизација за 2023 година**

**- Информација за реализација на програмите за превентивна дератизација и дезинсекција на општина Битола за 2023 година**

ИЗРАБОТУВА:Центар за јавно здравје-Битола - Одделение за епидемиологија

РАЗГЛЕДУВА:Комисија за заштита на човековата средина

УСВОЈУВА:Советот на општината Битола

**- Информација состојбата со регистрираниот амбулантно-поликлинички и болнички морбидитет од малигни заболувања, на подрачјето општина Битола за 2023 година**

ИЗРАБОТУВА:Центар за Јавно здравје – Битола - Одделение за социјална медицина и здравствена статистика

РАЗГЛЕДУВА:Комисија за заштита на човековата средина

УСВОЈУВА:Советот на општината Битола

**- Информација за работењето на Центарот за развој на Пелагонискиот плански регион за 2023 година**

ИЗРАБОТУВА: Центарот за развој на Пелагонискиот плански регион

РАЗГЛЕДУВА: Комисија за локален економски развој

УСВОЈУВА: Советот на Општината Битола

**<u>АПРИЛ-МАЈ-ЈУНИ – II КВАРТАЛ</u>**

**- Квартален извештај за извршувањето на буџетот на Општината Битола за вториот квартал 2024 година**

ИЗРАБОТУВА: Одделение за буџетска координација

ПРЕДЛАГА: Градоначалникот на Општината

РАЗГЛЕДУВА: Комисијата за финансии и буџет

УСВОЈУВА: Советот на Општината Битола

**- Информација за активности на Сојузот на училишен спорт при Општината Битола во 2023 година**

ИЗРАБОТУВА: Сојуз на училишни спортови Битола

РАЗГЛЕДУВА: Комисијата за спорт и млади

УСВОЈУВА: Советот на Општината Битола

**- Информација за состојбите, развојот и унапредувањето на доброволното крводарителство заради задоволување на потребите од крв во Општината Битола во 2023 година**

ИЗРАБОТУВА: Клиничка болница "Др. Трифун Пановски" – Одделение за трансфузиологија – Битола и Црвен крст - Битола

РАЗГЛЕДУВА: Комисијата за јавни дејности

УСВОЈУВА: Советот на Општината Битола

**- Информација за работите што се однесуваат на јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот и патиштата за првите шест месеци на 2024 година**

ИЗРАБОТУВА: Командир на полициска станица Битола
РАЗГЛЕДУВА: Комисијата за безбедност
УСВОЈУВА: Советот на Општината Битола

**- Информација за состојбата на шумските површини и опасностите од пожари во истите и материјално техничката подготвеност на субјектите**

ИЗРАБОТУВА: ТППЕ, Национален парк “Пелистер“, ЈП “Македонски шуми“ Подружница Битола (Кајмакчалан), ЈП “Комуналец“ - Битола
РАЗГЛЕДУВА: Комисијата за безбедност
УСВОЈУВА: Советот на Општината Битола

**- Информација за социјалната заштита на лицата кои се наоѓаат во социјален ризик**
**- Информација за работата на Дневниот центар за лица со посебни потреби**

ИЗРАБОТУВА: Центарот за социјални работи – Битола
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за еднакви можности меѓу жените и мажите
УСВОЈУВА: Советот на Општината Битола

**- Информација за остварување на противпожарната заштита во Општината Битола**

ИЗРАБОТУВА: ТППЕ - Битола
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за безбедност
ДОНЕСУВА: Советот на Општината Битола

**<u>ЈУЛИ – АВГУСТ – СЕПТЕМВРИ - III КВАРТАЛ</u>**

- **Основни училишта на подрачјето на Општината Битола**
- Извештај за работата за 2023/2024 год.
- Програма за работа за 2024/2025 год.

- **Средни училишта на подрачјето на Општината Битола**
- Извештај за работата за 2023/2024 година
- Програма за работа за 2024/2025 година

ПРЕДЛАГА: Основните – средните училишта
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за јавни дејности
УСВОЈУВА: Советот на Општината Битола

**- ЈОУ Детска градинка “Естреја Овадија Мара“ – Битола**
**- ЈОУ Детска градина “Мајски цвет“ – Битола**
- Извештај за работата за 2023/2024 година
- Програма за работа за 2024/2025 година

ПРЕДЛАГА: Детски градинки
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за јавни дејности и Комисија за финансии и буџет
УСВОЈУВА: Советот на Општината Битола

**- Извештај за финансиската поддршка на здруженијата на граѓани, социјална парична помош на граѓани и други трансфери од буџетот на Општината Битола за 2023 година.**

ПРЕДЛАГА: Сектор за правно-нормативни работи, општи и административни работи
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за финансии и буџет
УСВОЈУВА: Советот на Општината Битола

**- Извештај за финансиска поддршка на спортски здруженија, спортски клубови и спортските поединци од буџетот на Општината Битола за 2023 год.**

ПРЕДЛАГА: Сектор за јавни дејности
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за спорт и млади
УСВОЈУВА: Советот на Општината Битола

**- Информација за работата на Дневниот центар за деца на улица – улични деца**
**- Информација за семејно насилство**

ИЗРАБОТУВА: Центар за социјални работи - Битола
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за јавни дејности
УСВОЈУВА: Советот на Општината Битола

**- Информација за одржувањето и функцинирањето на спомен обележјата, спомен куќите и други објекти важни за културно историското минато на градот Битола**

ИЗРАБОТУВА: Завод за заштита на културните споменици Битола
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за подигање спомен обележја
УСВОЈУВА: Советот на Општината Битола

**- Информација за најчестите проблеми на потрошувачите, степенот на нивната заштита и проблеми при остварувањето на потрошувачките права**

ИЗРАБОТУВА: Организација на потрошувачите – Битола
РАЗГЛЕДУВА: Совет за заштита на потрошувачите
УСВОЈУВА: Советот на Општината Битола

**- Квартален извештај за извршувањето на буџетот на Општината Битола за третиот квартал 2024 година**

ИЗРАБОТУВА: Одделение за буџетска координација
ПРЕДЛАГА: Градоначалникот на Општината
РАЗГЛЕДУВА: Комисијата за финансии и буџет
УСВОЈУВА: Советот на Општината Битола

**- Годишен план за вработувања во општинската администрација во општина Битола за 2025 година**
ИЗРАБОТУВА: Раководно лице на институција
РАЗГЛЕДУВА: Комисијата за финансии и буџет
ДОНЕСУВА: Советот на Општината Битола

**- Годишен план за вработувања во ЈКП Водовод за 2025 година**

ИЗРАБОТУВА: Раководно лице на Јавното претпријатие
РАЗГЛЕДУВА: Комисијата за финансии и буџет
ДОНЕСУВА: Советот на Општината Битола

**- Годишен план за вработувања во ЈП Пазари за 2025 година**

ИЗРАБОТУВА: Раководно лице на Јавното претпријатие
РАЗГЛЕДУВА: Комисијата за финансии и буџет
ДОНЕСУВА: Советот на Општината Битола

**- Годишен план за вработувања во КЈП Нискоградба за 2025 година**

ИЗРАБОТУВА: Раководно лице на Јавното претпријатие
РАЗГЛЕДУВА: Комисијата за финансии и буџет
ДОНЕСУВА: Советот на Општината Битола

**- Годишен план за вработувања во ЈП Комуналец за 2025 година**

ИЗРАБОТУВА: Раководно лице на Јавното претпријатие
РАЗГЛЕДУВА: Комисијата за финансии и буџет
ДОНЕСУВА: Советот на Општината Битола

**- Годишен план за вработувања во ЈП за урбанистичко планирање, проектирање и инжинеринг за 2025 година**

ИЗРАБОТУВА: Раководно лице на Јавното претпријатие
РАЗГЛЕДУВА: Комисијата за финансии и буџет
ДОНЕСУВА: Советот на Општината Битола

**- Годишен план за вработувања во ЈП за стопанисување со Индустриската зона Жабени за 2025 година**

ИЗРАБОТУВА: Раководно лице на Јавното претпријатие
РАЗГЛЕДУВА: Комисијата за финансии и буџет
ДОНЕСУВА: Советот на Општината Битола

**- Годишен план за вработувања во ЈОУ Зоолошка градина-Битола за 2025 година**

ИЗРАБОТУВА: Раководно лице на установата

РАЗГЛЕДУВА: Комисијата за финансии и буџет
ДОНЕСУВА: Советот на Општината Битола

**- Годишен план за вработувања во ЈОУ Дом за стари лица „Сју Рајдер“ - Битола за 2025 година**

ИЗРАБОТУВА: Раководно лице на установа
РАЗГЛЕДУВА: Комисијата за финансии и буџет
ДОНЕСУВА: Советот на Општината Битола

- **Годишен план за вработувања во основните училишта за 2025 година**

ИЗРАБОТУВА: Раководно лице на училиштето
РАЗГЛЕДУВА: Комисијата за финансии и буџет
ДОНЕСУВА: Советот на Општината Битола

**- Годишен план за вработувања во средните училишта - Битола за 2025 година**

ИЗРАБОТУВА: Раководно лице на училиштето
РАЗГЛЕДУВА: Комисијата за финансии и буџет
ДОНЕСУВА: Советот на Општината Битола

**- Годишен план за вработувања во ЈОУ Детска градинка "Естреја Овадија-Мара" – Битола за 2025 година**

ИЗРАБОТУВА: Раководно лице на установата
РАЗГЛЕДУВА: Комисијата за финансии и буџет
ДОНЕСУВА: Советот на Општината Битола

**- Годишен план за вработувања во ЈОУ Детска градинка "Мајски цвет" - Битола за 2025 год.**

ИЗРАБОТУВА: Раководно лице на установата
РАЗГЛЕДУВА: Комисијата за финансии и буџет
ДОНЕСУВА: Советот на Општината Битола

**ОКТОМВРИ – НОЕМВРИ – ДЕКЕМВРИ - IV КВАРТАЛ**

**- Програма за развојни планови на Општината Битола за период од 2025 до 2027 година**

ИЗРАБОТУВА: Одделение за јавни и комунални дејности при Општината Битола
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за јавни и комунални дејности
ДОНЕСУВА: Советот на Општината Битола

**- Програма за организирање на зимската служба на подрачјето на Општината Битола за сезона 2024/2025 година**

ИЗРАБОТУВА: Одделение за јавни и комунални дејности при Општината Битола
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за јавни и комунални дејности
ДОНЕСУВА: Советот на Општината Битола

**- Програма за работа на Зоолошката градина Битола за 2025 година**
ИЗРАБОТУВА: Зоолошка градина Битола
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за јавни дејности
УСВОЈУВА: Советот на Општината Битола

**- Програма за работа на Старски дом „Сју Рајдер "Битола за 2025 година**

ИЗРАБОТУВА: Старски дом „Сју Рајдер“ - Битола
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за јавни дејности
УСВОЈУВА: Советот на Општината Битола

**- Програма за работа на „Културен информативен центар "Битола за 2025 година**

ИЗРАБОТУВА: „Културно информативен центар“ - Битола
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за јавни дејности
УСВОЈУВА: Советот на Општината Битола

**- Финансиски план за работата на ЈП „Комуналец" Битола за 2025 година**

**- Финансова програма за одржување на јавните зелени површини на територија на општина Битола за 2025 година**

**- Финансова програма за одржување на јавна чистота на јавните површинина територија на општина Битола за 2025 година**

**- Оперативна програма за поправка и одржување на на улично осветлување (тековно одржување-замена на живините, натриумовите и флуорецентните светилки со лед светилки заради поголема енергетска ефикасност на целиот систем за улично осветлување) на подрачјето на Општина Битола, рурални средини за 2025 година. 2 Осветлување на пешачки премини, 3.Осветлување на реконструирани улици во Општина Битола.**

**- Оперативна програма за поправка и одржување на улично осветлување на подрачјето на Општина Битола, рурални средини реони Бистрица, Цапари и Кукуречани за 2025 год.**

**- Оперативна програма за поправка и одржување на улично осветлување на подрачјето на Општина Битола за град Битола 2025 год.**

ИЗРАБОТУВА: ЈП „Комуналец" Битола.
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за јавни и комунални дејности, Комисија за финансии и буџет
УСВОЈУВА: Советот на Општината Битола

**- План за работата на КЈП „Нискоградба" во 2025 година**

ИЗРАБОТУВА: ЈП „Нискоградба" Битола
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за јавни и комунални дејности, Комисија за финансии и буџет
УСВОЈУВА: Советот на Општината Битола

**- План за работата на ЈП „Пазари" во 2025 година**

ИЗРАБОТУВА: ЈП „Пазари" Битола
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за јавни и комунални дејности, Комисија за финансии и буџет
УСВОЈУВА: Советот на Општината Битола

**- План за работата на ЈКП„Водовод" во 2025 година**

ИЗРАБОТУВА: ЈКП „Водовод" Битола
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за јавни и комунални дејности, Комисија за финансии и буџет
УСВОЈУВА: Советот на Општината Битола

**- План за работата на ЈП за стопанисување со Индустриската зона „Жабени" во 2025 година**

ИЗРАБОТУВА: ЈП за стопанисување со Индустриската зона „Жабени" Битола
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за јавни и комунални дејности, Комисија за финансии и буџет
УСВОЈУВА: Советот на Општината Битола

**- Финансиски план и програма на ЈП за урбанистичко планирање,проектирање и инженеринг во 2025 година**

ИЗРАБОТУВА: ЈП за урбанистичко планирање, проектирање и инженеринг Битола
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за јавни и комунални дејности, Комисија за финансии и буџет
УСВОЈУВА: Советот на Општината Битола

**- Програма за работата на ЈППЈЛП Битола во 2025 година**

ИЗРАБОТУВА: ЈППЈЛП Битола
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за јавни и комунални дејности, Комисија за финансии и буџет
УСВОЈУВА: Советот на Општината Битола

**- Програма за уредување на градежното земјиште во 2025 година**

**- Програма за одржување, инсталации на локална патна мрежа и улици во Општината Битола за 2025 година**

ИЗРАБОТУВА: Одделение за јавни и комунални дејности при Општината Битола
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за јавни комунални дејности
УСВОЈУВА: Советот на Општината Битола

**- Програма за користење и одржување на уличното осветлување на Општината Битола за 2025 година**

ИЗРАБОТУВА: Одделение за јавни и комунални дејности при Општината Битола
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за јавни и комунални дејности
ДОНЕСУВА: Советот на Општината Битола

**- Програма за изработка на урбанистички планови во Општината Битола во 2025 год.**
ИЗРАБОТУВА: Одделение за урбанистичко планирање и заштита на животната средина
РАЗГЛЕДУВА: Комисијата за урбанизам и заштита на човековата средина
ДОНЕСУВА: Советот на Општината Битола

**- Програма за работа на Одделението за економски развој во 2025 година**

ИЗРАБОТУВА: Одделение за економски развој при Општина Битола
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за економски развој
ДОНЕСУВА: Советот на Општината Битола

**- Оперативен план и програма за спроведување на превентивна систематска дератизација на канализациониот систем, јавна депонија Мегленци, дивите депонии и ѓубришта на Општината Битола во 2025 год.**
ИЗРАБОТУВА: Одделение за урбанистичко планирање и заштита на животната средина
РАЗГЛЕДУВА: Комисијата за човековата средина и Совет за јавно здравје
ДОНЕСУВА: Советот на Општината Битола

**- Оперативен план и програма за контрола и уништување на комарците на територија на Општина Битола во 2025 година.**
ИЗРАБОТУВА: Одделение за урбанистичко планирање и заштита на животната средина
РАЗГЛЕДУВА: Комисијата за човековата средина и Совет за јавно здравје
ДОНЕСУВА: Советот на Општината Битола

**- Програма на Општината Битола за финансирање на културата во 2025 год.**
ИЗРАБОТУВА: Сектор за јавни дејности
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за Јавни дејности
ДОНЕСУВА: Советот на Општината Битола

**- Програма на Општината Битола за јавни дејности (образование) во Општина Битола во 2025 год.**
ИЗРАБОТУВА: Сектор за јавни дејности
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за Јавни дејности
ДОНЕСУВА: Советот на Општината Битола

**- Програма за туризам во Општина Битола во 2025 год.**
ИЗРАБОТУВА: Сектор за јавни дејности
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за Јавни дејности
ДОНЕСУВА: Советот на Општината Битола

**- Програма за социјалната заштита на Општината Битола во 2025 год.**
ИЗРАБОТУВА: Сектор за јавни дејности
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за Јавни дејности
ДОНЕСУВА: Советот на Општината Битола

**- Програма за активностите во областа на спортот и младите на подрачјето на Општината Битола за 2025 год.**
ИЗРАБОТУВА: Сектор за јавни дејности
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за спорт и млади
ДОНЕСУВА: Советот на Општината Битола

**- Програма за еднакви можности помеѓу мажите и жените за 2025 година**
ИЗРАБОТУВА:Сектор за јавни дејности при Општината Битола
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за еднакви можности помеѓу мажите и жените
УСВОЈУВА: Советот на Општината Битола

**- Програма за заштита на потрошувачите на Општината Битола за 2025 година**
ИЗРАБОТУВА: Совет на потрошувачите на Општина Битола
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за јавни дејности
ДОНЕСУВА: Советот на Општината Битола

**- Програма за работа на Совет на млади на Општината Битола за 2025 година**
ИЗРАБОТУВА: Претседателот на Совет на млади на Општина Битола

РАЗГЛЕДУВА: Комисија за јавни дејности

ДОНЕСУВА: Советот на Општината Битола

**- Програма за работа на ЈУ Отворен граѓански универзитет за доживотно учење Крсте Мисирков - Општината Битола за 2025 година**

ИЗРАБОТУВА: ЈУ Отворен граѓански универзитет за доживотно учење Крсте Мисирков

РАЗГЛЕДУВА: Комисија за јавни дејности

ДОНЕСУВА: Советот на Општината Битола

**- Програма за одржување улиците во зимски услови во Општината Битола за 2024/2025 година**

ИЗРАБОТУВА: Одделение за јавни и комунални дејности при Општината Битола

РАЗГЛЕДУВА Комисија за јавни и комунални дејности

ДОНЕСУВА: Советот на Општината Битола

- **Квартален извештај за извршувањето на буџетот на Општината Битола за четвртиот квартал 2024 година**

ИЗРАБОТУВА: Одделение за буџетска координација

ПРЕДЛАГА: Градоначалникот на Општината

РАЗГЛЕДУВА: Комисијата за финансии и буџет

УСВОЈУВА: Советот на Општината Битола

**- Информација за работите што се однесуваат на јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот и патиштата во второто полугодие во 2024 година**

ИЗРАБОТУВА: Командир на полициска станица Битола

РАЗГЛЕДУВА: Комисијата за безбедност

УСВОЈУВА: Советот на Општината Битола

**- Извештај за работата на Советот на Општината Битола во 2024 година**

ИЗРАБОТУВА: Претседател на Советот на Општината Битола

УСВОЈУВА: Советот на Општината Битола

**- Програма за работа на Советот на Општината Битола за 2025 година**

ИЗРАБОТУВА: Комисија за утврдување Предлог-програмата

ДОНЕСУВА: Советот на Општината Битола

**- Буџет на Општината Битола за 2025 година**

**- Одлука за извршување на Буџетот на Општината Битола за 2025 година**

**- Буџетски календар за 2025 год.**

**- Одлука за утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници за 2025 год.**

ИЗРАБОТУВА: Одделение за буџетска координација

РАЗГЛЕДУВА: Комисија за финансии и буџет

Комисија за вршење надзор над материјалното и финансиското работење

ДОНЕСУВА: Советот на Општината Битола

**НОРМАТИВЕН ДЕЛ**

Нормативниот дел од Програмата за работа на Советот на Општината Битола ја регулира нормативната дејност на Советот во 2024 година, односно донесувањето на нормативните акти од негова страна и нивното усогласување со новите прописи што ќе бидат донесени во текот на 2024 година.

**ЗАВРШЕН ДЕЛ**

За извршување на Програмата се задолжуваат изготвувачите, предлагачите и сите останати учесници да се придржуваат на роковите утврдени во истата.

Во текот на 2024 година Советот на Општината Битола ќе ги разгледува и сите дополнителни прашања што ќе произлезат од тековното работење.

Програмата влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола".

Бр.09-175/8
10.01.2023 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината
Габриела Илиевска

## С О Д Р Ж И Н А

О Д Л У К А за објавување на Буџетот на Општина Битола за 2024 година............................ 2

О Д Л У К А за извршување на Буџетот на Општина Битола за 2024 година.......................... 50

БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР ЗА 2024 ГОДИНА .... 55

О Д Л У К А за утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници за 2024 година ........................................................... 56

З А К Л У Ч О К за усвојување Извештајот за работата на Советот на Општината Битола за 2023 година ........................................................... 56

П Р О Г Р А М А за работа на Советот на Општината Битола за 2024 година...................... 57

**Издавач: Општина Битола**
**тел. 047 234 234; 047 208 300**

Буџет на Општина Битола
Сметка: 703014002963013 Народна банка на Р.М.
Д.Б. 4002996128471
Приходна Шифра 725211